АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 15 - 389/1
19.03 2018 год
СКОПЈЕ

Записник од седница на Централна изборна комисија одржана на 25.01.2018

На седницата не присуствуваше д-р Данчо Бизевски -член.

Арх. знак 1501
Рок на чување трј
19.03 2018 год.
Потпис,

Дневен ред

Усвојување на записникот од претходната седница

1.Тековни активности околу изборот на тела и органи на Комората

2.Разно

ЗАПИСНИК

Откако беше утврдено дека има кворум за работа, претседателот на ЦИК, д-р Пецаков, информираше кои региони имаат доставено ажурирани избoрачки списоци и потсети на роковите до кога списоците ќе бидат ставени на јавен увид за ажурирање.

Притоа го повтори крајниот рок за ажурирање на списоците, кога се тргаат од web-страницата листите - 03.02.2018 и рокот кога се заклучуваат ажурираните избoрачки списоци - 05.02.2018 година .

Обврската да ги потсети претседателите на регионите кои немаат доставено ажурирани избирачки списоци, ја преземе претседателот на ЦИК, со констатација дека доколку не ја остварат обврската ќе треба да дадат образложение и пред ЦИК и пред Собранието на Комората.

На состанокот беше повторено дека на 12.02.2018 сите регионални одбори, во ист ден, треба да свикаат регионални состаноци на кои ќе се избираат регионалните изборни комисии кои потоа ќе треба да ја преземат работата околу организирањето на изборниот процес по регионите на СКМ.

На седница беше одлучено Стручната служба да изготви допис до РО на Комората кој ќе биде упатство за начинот на свикување на регионалните состаноци на 12.02.2018.

Упатството за тоа како да се свикаат состаноците на регионално ниво за избор на регионални изборни единици треба да содржи кои податоци треба регионот да ги дефинира и тоа:

1.Назив на регион, простор/локација каде ќе се одржи состанокот и време на одржување на состанокот.

2.На РО на СКМ треба да им се нагласи дека на ист ден ќе се одржат сите регионални собири.

3.На крајот од дописот во вид на упатство да бидат наведени од 12-18 член од Правилникот за избори на СКМ.

Претседател на Комисија за избори на СКМ

Д-р Кирил Пецаков

Д-р.Јосиф Ристевски

Д-р.Гоце Бабовски

Д-р.Данчо Бизевски

Д-р.Агрон Пашоли